# СОКОТАБ

**Франа С.А.**

**Тутун во лист**

Одлука
со циркуларно писмо
од Бордот на директори на Сокотаб Франа СА

**ПРИ ШТО**

Сокотаб Франа се обврзува на деловни практики што ги почитуваат човековите права на нејзините вработени и на страните во нејзиниот синџир на снабдување и нивните заедници.

**ПРИ ШТО**

Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права („Водечки принципи на ОН“) и Декларацијата за фундаментални принципи и права на работа на Меѓународната организација за труд („Фундаментални принципи на МОТ“) ја даваат рамката на меѓународно признатите човекови права.

**ПРИ ШТО**

Политика на Сокотаб е да работи и да прави внимателна анализа на човековите права компатибилни со Водечките принципи на ОН, Фундаменталните принципи на МОТ и Упатството за детски труд за бизнисите на МОТ-МОР.

**ПРИ ШТО**

Работните практики на Сокотаб се оформени прво да се овозможува подобрена деловна успешност односно побезбедно, поефикасно, попродуктивно и попрофитабилно работење. Тој го должи тоа на неговите купувачи и на засегнатите страни. Истовремено, ја признава и ја прифаќа одговорноста да влијае врз животите на неговите тутунопроизводители и нивни заедници преку инвестирање во подобрени животни услови и севкупен квалитет на живот.

**ПРИ ШТО**

Одржливото земјоделско работење е витално за иднината на планетата и фундамент на заложбата на Сокотаб за заштита на животната средина со минимизирање на влијанието од синџирот за снабдување на тутунот е негова заложба за Добрите земјоделски практики. Употребата на здрави техники и технологии во производството на нива помага да се минимизираат влијанијата врз животната средина од одгледувањето на тутунот, а пак во неговите фабрики бара да се минимизираат надворешните влијанија на процесирањето.

СЕГА, ЗАТОА, Бордот на директори на Франа ОДЛУЧУВА:

Да ги усвои следниве политики и процедури на Сокотаб Групацијата:

1. Политика на Сокотаб Групацијата за човекови права
2. Политика на Сокотаб Групацијата за климатски промени
3. Политика на Сокотаб Групацијата за заштита на животната средина
4. Политика на Сокотаб Групација за безбедност и здравје при работа

5. Политика на Сокотаб Групација за квалитет
6. Процедура на Сокотаб Групација за внимателна анализа на добри земјоделски практики (ДЗП).
7. Процедура на Сокотаб Групација за прашања за итна акција (ПИА)
8. Процедура на Сокотаб Групација за екстремни прекршоци
9. Политика на Сокотаб Групација за управување со водите

КАКО СВЕДОШТВО НА ОВА долупотпишаните, сите членови (квалификувано мнозинство од членовите) на Бордот на директори на Сокотаб Франа СА ја донесоа оваа Одлука на 14 декември 2023г.

*Своерачен потпис*
Сања Фабрио

*Своерачен потпис*
Џорџ Ц. Фриман III

*Своерачен потпис*
Аурелио Манетти

*Своерачен потпис*
Андреас фон Планта

*Своерачен потпис*
Џонатан Р. Вертхајмер